РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Воена Академија Скопје-придружна членка-
Бр. 08-54/19-1
15.04.2024 год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС

*за упатување на питомци од Воената академија во Скопје на „Интернационална питомечка недела" на Вишото Воено-морско училиште „Никола Јонков Вапцаров" во Варна, Република Бугарија*

**Огласот е објавен на ден: 15.04.2024 година**
**Огласот трае: 5 (пет) работни дена започнувајќи од 16.04.2024 година до 22.04.2024 година**

Во рамките на Програмата за билатерална соработка со Република Бугарија и добиената покана од Вишото Воено-морско училиште „Никола Јонков Вапцаров" во Варна, Република Бугарија, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје, на ден 15.04.2024 година го објавува ОГЛАСОТ за упатување на 3 (тројца) студенти-питомци.

„Интернационална питомечка недела" на Вишото Воено-морско училиште „Никола Јонков Вапцаров" во Варна, Република Бугарија вклучува разни академски, воени, културни и спортски активност. Основната цел на наведената соработка е да промовира добра волја и да ги зацврстува партнерствата помеѓу Воените академии.

На огласот можат да се пријават студенти-питомци на Воената академија од втора, трета и четврта година на прв циклус студии кои студираат во академската 2023/2024 година, кои ги имаат положено сите испити заклучно со непарните семестри во учебната 2023/2024 година и кои ги исполнуваат критериумите наведени во огласот.

Временски период за реализација на **„Интернационална питомечка недела"** за студенти-питомци е: **од 13.05.2024 до 18.05.2024 година (првиот и последниот ден се датуми за патување).**

Сите трошоци поврзани со наведената активност ќе бидат покриени од страна на Министерството за одбрана на РСМ и Вишото Воено-морско училиште „Никола Јонков Вапцаров" во Варна, Република Бугарија, во согласност со билатералната соработка меѓу двете земји.

**Пријавата за учество на студентите-питомци треба да содржи:**

1. Пријава по оглас пополнета од кандидатот
2. Потврда за статусот студент-питомец (од студентска служба)
3. Препис од оценките за положени испити
4. Копија од важечка патна исправа (пасош)

Рангирањето на кандидатите ќе се изврши по следните критериуми:

- Постигнат успех (50 поени)
- Постигнатиот успех на последниот испит по англиски јазик (20 поени)
- Резултати од интервју (20 поени)
- Мислење од ЦОП (10 поени)

Пријавата да се достават преку деловодство на Воената академија со назнака:

До Продекан за ФИМС на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје

Д Е К А Н
п о л к о в н и к
проф. д-р Митко Богданоски